РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр. 17 - 1362/2
19.06 2025 год.
СКОПЈЕ

ОПШТИНА БУТЕЛ

Врз основа на Буџетот на општина Бутел за 2025 година, („Службен гласник на Општина Бутел“ бр.18/2024), член 17 став 5 од Одлука за извршување на Буџетот на Општина Бутел за 2025 година, („Службен гласник на Општина Бутел“ бр.18/24), Одлука за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Бутел за 2025 година („Службен гласник на Општина Бутел“ бр.6/25) и Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување еднократна финансиска помош и поддршка на најранливата категорија пензионери со минимална пензија бр.09-1362 од 18.06.2025 година, општина Бутел објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за доделување на еднократна финансиска помош и поддршка на најранливата категорија пензионери со минимална пензија

Општина Бутел обезбеди средства за еднократна финансиска помош и поддршка, со цел олеснување на состојбата на лицата од најранливите категории – пензионери.

Јавниот повик е отворен од 19.06.2025 година, заклучно со 03.07.2025 година.

Висината на еднократната финансиска поддршка ќе изнесува 2.000,00 денари и ќе биде по принципот „прв дојден – прв услужен“, се до исцрпување на средствата предвидени за таа намена во Буџетот на општина Бутел за 2025 година, кои изнесуваат 1.050.000,00 денари.

Финансиската поддршка се однесува на следната категорија на граѓани:

- Граѓани кои се со постојано живеалиште на територија на општина Бутел;
- Приматели на старосна, семејна или инвалидска пензија чиј износ не е повисок од 18.192,00 денари;

За остварувањето на правото на овој вид финансиска поддршка, заинтересираните граѓани треба да ги исполнуваат следните критериуми:

- Лицето – пензионер да е корисник на старосна, семејна или инвалидска пензија;
- Лицето – пензионер да е жител на општина Бутел;

- Лицето – пензионер да користи пензија чиј износ не го надминува износот од 18.192, 00 денари;

За таа цел, заинтересираните граѓани треба да ги доставaт следните докази:

- **Барање за доделување на финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик;**
- **Копија од лична карта;**
- **Копија од трансакциска сметка;**
- **Доказ за последната примена пензија (потврда/чек издаден од банката во која се прима пензијата, за месец мај 2025 година).**

Барањето може да се подигне од шалтерот на архивата во општина Бутел(истото во електронска форма ќе биде достапно на веб страната на општината заедно со јавниот повик).

**Потребната документација може да се достави секој работен ден во архивата на општина Бутел, од 9 до 15 часот.**

Комисијата формирана од Градоначалникот на општина Бутел, ќе ги разгледа и ќе одлучува по поднесените барања за остварување на правото за финансиска поддршка.

На пензионерите од социјален ризик што аплицирале и ги исполнуваат потребните критериуми, општина Бутел ќе изготви Решенија за доделување на финансиска поддршка.

Исплатата на предвидениот износ за финансиска поддршка (во висина од 2.000,00 денари), ќе ја изврши Секторот за финансиски прашања на општина Бутел, директно на трансакциските сметки, кои барателите ги доставиле како потребен доказ. Исплатата ќе биде реализирана во периодот што следува од 2025 година.

Ги повикуваме сите пензионери, кои се корисници на старосна, семејна или инвалидска пензија и ги исполнуваат потребните критериуми, да аплицираат и да го остварат правото за доделување на финасиска поддршка.

**Претседател на комисијата**

**за доделување на еднократна финансиска помош и поддршка**

**на најранливата категорија пензионери со минимална пензија**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БУТЕЛ СКОПЈЕ